ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 27-235/8**
**Дата: 04.12.2013**

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА РАДИОТЕРАПИЈА И ОНКОЛОГИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија Скопје (во натамошниот текст Универзитетска клиника) на сметка за средства од Фондот за 2012 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2008 година и изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и во однос на усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.
Извршена е ревизија на резултатите од спроведување на препораките од Конечниот извештај на финансиските извештаи за 2008 година, при што е констатирано дека најголем дел од препораките се спроведени.

Изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики за 2012 година.

Универзитетската клиника во 2012 година функционира со еден директор како вршител на должност, покрај законски спроведените постапки и известувањето до Министерството за здравство за потребата од именување на директор.

Управниот одбор донел Одлука за исплата на плата по учинок, што не е во согласност со член 6 од Поединечниот колективен договор на членки на самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во РМ склучен помеѓу Министерството за здравство и Самостојниот синдикат,

според кој платата за извршената работа е определена како плата на работникот за полно работно време и нормален учинок која не може да биде пониска од најниската плата утврдена за одредени степени на сложеност.

Систематизирани се 260 работни места а вработени се 160 лица, односно процесот на извршување на здравствени услуги го извршуваат покрај редовно вработените и 52 лица ангажирани со договор за услуга. До Министерството за здравство доставени се неколку барања за обезбедување на согласност за вработување од различни профили на медицински персонал, за кои не се добиени одговори од Министерството. Наведената состојба не е во прилог на двете страни, ниту за Универзитетската клиника, ниту на овој вид на вработени, кои на овој начин не го остваруваат законското право за задолжително здравствено и пензиско осигурување.

Констатирани се неправилности во целосноста на спроведениот попис на средствата, побарувањата и обврските, што влијае на реално и објективно искажување на податоците и сеопфатноста на позициите во Биланс на состојба на ден 31 декември.

За реконструкција и адаптација на постоечкиот бункер (бункер и пратечки содржини) и поставување на нов акцелератор, спроведена е отворена постапка, истата е поништена бидејќи не била доставена ниту една понуда, по што Универзитетската клиника пристапила кон спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас, по која склучен е договор со избраниот економски оператор, во вкупен износ од 13.562 илјади денари.
Со увид во целокупната документација и склучениот договор, ревизијата констатира дека одредбите од договорот се во колизија со дел од условите во тендерската документација Имено, во договорот е утврдено плаќање на 4 еднакви рати и веднаш по склучување на договорот извршено е плаќање на 25% од вредноста на договорот - како авансно плаќање, што од една страна не е предвидено со тендерската документација. Исто така, не се исполнети дел од одредбите од истиот, како што е рокот на извршување на градежните работи и несоодветниот документ за плаќање.

Од страна на одговорното лице на Универзитетска клиника добиени се забелешки на констатациите на точките 4.1.1, 4.1.2, 4.2.1. и 4.3.2. од Нацрт извештајот, кои според содржината претставуваат информација за преземените мерки по дадените препораки и известување за причините за констатираната состојба.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани од страна 14 до 16 заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетска клиника на сметка за средства од Фондот кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2008 година и изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и во однос на усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија застапувана од:

- Спец. Др. Милан Ристески, в.д. директор на Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија од 24.02.2012 год.
- Д-р Симонида Црвенкова – медицински директор од 29.12.2010 година до 24.02.2012 година
- Анета Костова – дипл. правник – финансиски директор од 29.12.2010 година до 24.02.2012 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија.

Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 30.06.2013 до 30.09.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија за финансиските извештаи за 2008 година, при што резултатите од истата се прикажани во Преглед број 1.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија на ден 02.10. 2013 година.
Од страна на одговорното лице на Универзитетска клиника добиени се забелешки на констатациите на точките 4.1.1, 4.1.2, 4.2.1. и 4.3.2. од Нацрт

извештајот, кои според содржината претставуваат информација за преземените мерки по дадените препораки и известување за причините за констатираната состојба.

## 4.1. Усогласеност со закони и прописи

**4.1.1** Со Правилникот за организација и ситематизација на Универзитетска клиника не е предвидено и не е основана Единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност со член 29 и член 30 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.
Во текот на ревизијата (јули 2013 година) склучен е договор за услуга со едно лице - волонтер, за вршење на внатрешна ревизија.

**Препорака:**

Раководниот орган на Универзитетска клиника, да преземе активности за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација во кој ќе се предвиди, а потоа да се основа единица за внатрешна ревизија.

**4.1.2** Со ревизија на начинот на исплата на плати, констатирано е дека Управниот одбор донел Одлука за плаќање по учинок, што не е во согласност со Поединечниот колективен договор на членки на самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во РМ. Имено, донесена е Одлука и исплатена е плата по работна успешност без претходно да се изврши измена на Поединечниот колективен договор на членки на самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во РМ склучен помеѓу Министерството за здравство и Самостојниот синдикат. Според член 6 од истиот колективен договор, платата за извршената работа е определена како плата на работникот за полно работно време и нормален учинок која не може да биде пониска од најниската плата утврдена за одредени степени на сложеност, односно со овој член не е предвиден системот на пресметка на плата и исплата на плата по успешност.

За истакнување е дека на почетокот на 2013 година е донесен Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност на РМ, потпишан од Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита и Министерството за здравство, но Анексот не се однесува на универзитетските клиники и истиот има примена од 1 јануари 2013 година.

**Препорака:**

Управниот одбор при донесување на одлуки да ги има во предвид одредбите од Поединечниот колективен договор на членки на самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во РМ.

**4.1.3** Универзитетска клиника во текот на 2012 година извршила исплата во износ од 1.315 илјади денари врз основа на склучени договори за волонтерство. Поради ограничени човечки ресурси, Клиниката подолго време се соочува со проблемот на недостиг на кадар, неопходен за непречено и квалитетно извршување на дејноста. Со увид во систематизацијата, ревизијата констатира дека според истата систематизирани се 260 работни места а вработени се 160 лица. Големо отстапување постои кај медицинските сестри за терапија, нега и работа во смени (систематизирани се 52 сестри а вработени се само 26). Ангажирани се 52 лица по договор за услуга (од кои во 2013 година склучени се договори со 9 волонтери) кои извршуваат редовни работни задачи предвидени со актот за организација и систематизација. Имајќи предвид дека согласно член 252 од Законот за работни односи и Законот за авторски права, работодавачот може со определено лице да склучи договор за вршење на работи кои се надвор од дејноста на работодавачот, а кои имаат за предмет самостојна изработка или поправка на определени предмети, самостојно извршување на физички или интелектуални работи, ревизијата констатира дека лицата се ангажирани спротивно на одредбите на наведените закони. Во текот на 2011 и 2012 година доставени се неколку барања до Министерството за здравство заради вработување на лица од различен профил: лекари специјалист, физичари, дипломиран фармацевт, радиотехнолог, електроинженер кои се предвидени со актот за систематизација и организација. За наведените барања не се добиени одговори од Министерството за здравство.

**Препорака:**

Одговорното лице да продолжи со иницијативата и со доставување на барања до Министерството за здравство за вработување на лицата неопходни во процесот на давање на здравствените услуги.

## 4.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.2.1. Со увид во актите и пописните листи од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските за 2012 година, ревизијата го констатира следното:

- Со Одлуката за именување на комисии за попис на средствата и изворите на средствата на Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, како заменик претседател и член на Централната комисија за попис, именувани се вработеното лице задолжено за материјалната евиденција на постојаните средства и раководителот на сметководство.
- Пописот на материјалните средства се врши според локацијата/објекти на која се наоѓаат, без назначување за која сметководствена сметка се однесуваат, а пописните листи не содржат инвентарен број на средството и вредносни показатели за набавените количини. Исто така, не постои рекапитулар на пописните листи за вкупниот износ на материјалните средства.
- Пописната комисија не извршила попис и сметководствено усогласување на побарувањата и обврските, односно не е утврдена старосната структура на побарувањата и обврските и причините за ненавременото плаќање и наплата на истите. Во врска со наведеното потребно е да се истакне дека вработените во одделението за сметководство во текот на ревизијата извршија проверка на старосната структура, при што се констатира дека побарувањата од 4 јавни здравствени установи во износ од 6.828 илјади денари, се стари неколку години и за истите не е извршено утужување, со што е зголемен ризикот за нивна наплата.

Наведеното не е во согласност со одредбите од член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и членовите 29, 30, 31 и 33 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, во кои се пропишани обврските за вреднување на билансните позиции и спроведување на пописот.

Нецелосно извршениот попис и нецелосното усогласување на сметководствената со фактичката состојба, влијае на реално и објективно искажување на податоците, како и на потврдување на целосноста и сеопфатноста на позициите во Биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака:**

Одговорното лице на Универзитетска клиника да преземе мерки за правилно организирање и вршење на попис, со која ќе се надминат утврдените слабости и ќе се потврди вредноста на искажаните билансни позиции и да преземе мерки за наплата на ненаплатените побарувања.

### 4.3. Користење на средства согласно законски прописи

**4.3.1.** За реконструкција и адаптација на постоечки бункер (бункер и пратечки содржини) и поставување на нов акцелератор, спроведена е отворена постапка по претходно донесена Одлука од 10.10.2012 година од директорот, во висина од 12.000 илјади денари без данок на додадена вредност. Со тендерската документација во делот на техничка и професионална способност, покрај другите услови предвиден е рок за извршување на работите од максимум 40 дена, а во делот за начин на плаќање за извршување на договорот за јавна набавка не е дозволено авансно плаќање.
Со Одлука од 02.11.2012 година отворената постапка е поништена, бидејќи до Клиниката не била доставена ниту една понуда.
Поради тоа, Универзитетска клиника пристапила кон спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас, а по одлука од 08.11.2012 година. На 22.11.2012 година склучен е договор со избраниот економски оператор, во вкупен износ од 13.562 илјади денари.

Со увид во целокупната документација и склучениот договор, ревизијата ги констатира следните неправилности:

- Пречекорен е рокот за извршување на работите од 40 дена од воведување на изведувачот во работа, предвиден со тендерската документација и член 11 од договорот, за што Клиниката нема пресметано/наплатено договорна казна за периодот на задоцнување, договорено со член 19 од истиот.
- Според градежната книга на изведувачот работите се извршуваат во периодот од декември 2012 година до февруари 2013 година, а според Записникот за извршен технички прием од 31.07.2013 година со работа е

почнато на 17.10.2012 година (пред склучување на договорот), а целосно е завршена на 24.07.2013 година. Во периодот од март до 20.05.2013 година не постои документ за извршување на активности од страна на изведувачот. Во јуни 2013 година склучен е договор за дополнителни и неопходни услуги бр.0205 – 1277/1 во вкупна вредност од 3.913 илјади денари, по претходно спроведена постапка.

- Со член 24 од договорот е предвидено плаќањето на работите да се изврши на 4 еднакви рати, од кои првата рата ќе се изврши со склучување на договорот, и истата е исплатена на 23.11.2012 година. Вака предвидениот начин на плаќање всушност претставува авансно плаќање и тоа 25% од вредноста на договорот, кое не е предвидено со тендерската документација и истото не е во согласност со член 49 од Законот за јавни набавки. Имено, со овој член е пропишано дека договорниот орган доколку предвидува авансно плаќање, истото мора да биде наведено во тендерската документација и не може да биде повеќе од 20% од вредноста на договорот.
- Плаќањето се врши по фактури од кои не може да се утврди степенот на извршените работи и истите не се потврдени од надзорен орган, односно плаќањето не се врши врз основа на времени и конечна ситуација - како конечна пресметка на вредноста на изведените работи, спротивно на член 7 и 8 од склучениот договор.
- Не е приложен акт за именување на надзор за градба од Клиниката, предвидено со член 38 од договорот.

Вака поставените одредби од склучениот договор кои се во колизија со дел од услови во тендерската документација, како и неисполнетите одредби од истиот, ја намалува конкуренцијата, доведува до нееднаков третман на економските оператори, ја намалува транспарентноста, јавноста и има влијание на рационално, економично и ефикасно користење на средствата.

**Препорака:**

Раководниот орган на Универзитетска клиника да преземе мерки за соодветно инкорпорирање на поставените услови од тендерската документација при склучување на договори, како и мерки за доследно извршување на одредбите од истите.

**4.3.2.** Со години наназад и во текот на 2012 година, востановена е пракса на набавка на лекови пред склучување на договорите со економските оператори, поточно набавки во периодот по извршена/електронска аукција/евалуација за отпочнатите постапки. Ваквите набавки се вршат поради: исцрпување на

количините од претходно склучените договори, промена на овластените дистрибутери на соодветниот лек во земјата или промена на цената на истиот.
Во текот на 2012 година пред склучување на договорите, набавувани се 9 лека во вкупен износ од 1.012 илјади денари, што не е во согласност со Законот за јавни набавки.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетска клиника, да преземат мерки и активности за надминување на утврдените состојби при планирање на набавките на лековите и реализацијата на веќе склучените договори.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1 и 4.3. финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

6.1. Согласно Законот за здравствена заштита со Здравствените установи управува управен орган, а орган на раководење е директорот. Ревизијата констатира дека со Решение бр.10-1420/1 од 14.02.2012 година донесено од Министерот за здравство именуван е вршител на должност – директор од областа на медицината. Но, и покрај тоа што Управниот одбор на

Универзитетска клиника согласно член 108 од Законот за здравствена заштита, во Јуни 2012 година донел Одлука за објавување на конкурс за избор на директор, и објавил јавен конкурс за именување на директор, а целокупната документација пристигната од пријавените кандидати ја доставил до Министерот за здравство, до денот на ревизијата не е донесено решение за негово именување.

Врз основа на изнесеното Универзитетска клиника подолго време функционира со еден директор и тоа вршител на должност, што не е во согласност со член 105 од Законот за здравствена заштита, каде е предвидено на универзитетските клиники да се именуваат двајца директори и тоа организациски и медицински директор.

6.2. Ревизијата смета за неопходно да истакне дека:

- Во последните четири години бројот на пациенти во Универзитетска клиника е рапидно зголемен, односно зголемен е обемот на извршени здравствени услуги со речиси непроменет број на вработени, како што е прикажано на графиконот во прилог.




- Просечното намалување на трошоците по пациент во 2012година во однос на 2009 година е за околу 23 %, а просечното намалување на референтните цени е за 17 % (по кои се набавуваат истите и се фактурира на Фондот за здравствено осигурување) на 15 најглавни/носечки лекови на оваа клиника. Но, за направените трошоци за болничко лекување според Дијагностичко сродни групи ДСГ пакетите ( воведени во 2009 год), според евиденцијата на Универзитетска клиника, на Фондот е фактуриран износ од 27.812 илјади денари, додека според калкулацијата направена од Универзитетска клиника применувајќи го ценовникот од

1992 година, фактурираниот износ за истите здравствени услуги би бил поголем за околу 2,5 пати, односно направени се трошоци во износ од 71.660 илјади денари.

Како резултат на претходно кажаното зголемен е ризикот за нормално функционирање на Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија односно за квалитетно извршување на здравствените услуги на пациентите на истата, дотолку повеќе што и неплатените достасани обврски кон добавувачите во 2012 година во однос на 2010 година се зголемени за околу 3,6 пати.

**ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија**
**сметка за средства од Фондот**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 643,310 | 653,953 |
| **Вкупно приходи** | **643,310** | **653,953** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 69,200 | 69,767 |
| Стоки и услуги | 570,867 | 584,032 |
| **Вкупно тековни расходи** | **640,067** | **653,799** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 3,243 | |
| **Вкупно капитални расходи** | **0** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **643,310** | **653,799** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

______________________

______________________

______________________

______________________

**ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија**
**сметка за средства од Фондот**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања | 768 | 204,131 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 0 | 10 |
| Активни временски разграничувања | 331,059 | 327,490 |
| Залихи | 33,167 | 30,903 |
| **Вкупно тековни средства** | **364,994** | **562,534** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 6,786 | 2,171 |
| Материјални средства | 247,883 | 354,262 |
| Материјални средства во подготовка | 8,155 | 2,155 |
| **Вкупно постојани средства** | **262,824** | **358,588** |
| **Вкупна актива** | **627,818** | **921,122** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 325,230 | 321,388 |
| Краткорочни финансиски обврски | 537 | 479 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 5,119 | 5,450 |
| Пасивни временски разграничувања | 768 | 204,142 |
| **Вкупно тековни обврски** | **331,654** | **531,459** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 296,164 | 389,663 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **296,164** | **389,663** |
| **Вкупна пасива** | **627,818** | **921,122** |

**сметка за средства од Фондот**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **358,761** | **30,902** | **389,663** |
| **Зголемување по основ на:** | **27,367** | **1,109,799** | **1,137,166** |
| Набавки и бесплатно добиени средства/лекови | 8,875 | 1,109,799 | **1,118,674** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 6,093 | | **6,093** |
| Ревалоризација на капитални средства | 12,399 | | **12,399** |
| **Намалување по основ на:** | **123,131** | **1,107,534** | **1,230,665** |
| расходување | 351 | | **351** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 122,780 | | **122,780** |
| Потрошок на залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар | | 1,107,534 | |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **262,997** | **33,167** | **296,164** |

ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија
Водњанска 17
1000 Скопје
Македонија
Тел.+389 2 3147874 Факс + 389 2 3111 430

03 - 2166/4
19. 11 13

**Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија**

**ДО**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Главен државен ревизор**
**М-р Тања Таневска**

22.11.2013

27-235/7

Предмет: Одговор по препораки

Врз основ на нацрт извештај со бр.27-235/6 од 21.10.2013 за извршена ревизија на финансиските извештаи и усогласеност за 2012 година,а во врска со препораките набведени во истиот,Ве известуваме дека ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија превзема соодветни активности и тоа:

1. Во врска со препораката од точка 4.1.1,Ве известуваме дека ЈЗУ УКРО го извести Управниот Одбор на клиниката дека се потребни измени и дополнувања на Правилникот за организација и систематизација во кој воедно меѓу другото ќе се основа одделение за внатрешна ревизија како составен дел од Одделот за административно технички работи.Усвојувањето на предложените промени ќе се разгледува на некоја од наредните седници на Управниот Одбор на ЈЗУ УКРО.
2. Во врска со препораката од точка 4.1.2,Ве известуваме дека исплатата по работна успешност е врз основа на Одлука од Министерство за здравство.
3. Во врска со препораката од точка 4.1.3., Ве известуваме дека одговорното лице на ЈЗУ УКРО врз основа на зголемениот обем на работа како и одливот на кадар по основ на пензија и преоѓање во други здравствени институции во континуитет доставува барања за нови вработовања до Министерство за здравство.
4. Во врска со препораката од точка 4.2.1,Ве известуваме дека одговорното лице на ЈЗУ УКРО го организира и во моментов го спроведува пописот со баркодирани инвентарни броеви на основните средства со што ќе се надминат утврдените слабости.Во однос на препораката од точка 4.2.1,алинеа 3 клиниката превзема соодветни мерки поточно достави опомена пред тужба во вид на Известување за висината на долгот со препорака истиот да се надомести

ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија
Водњанска 17
1000 Скопје
Македонија
Тел.+389 2 3147874 Факс + 389 2 3111 430



во рок од 15 дена.Во спротивно клиниката ќе поведе постапка за присилна наплата.

5. Во врска со препораката од точка 4.3.2,Ве известуваме дека поради целосно исцрпување на количините од претходно склучените договори или поради намалување на цените на лековите во новата тендерска постапка, или поради промена на дистрибутер на лекот од страна на производителот (предходниот добавувач не е во можност да ги ипорача),а заради специфичноста на болеста на пациентите направени се набавки на лекови на реверс,пред склучување на договор,но во период во кој е направен изборот, односно по завршена електронска аукција и завршена евалуација на постапката.

Со почит,

Скопје, 19.11.2013

**в.д Директор на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија**
**Спец.д-р Милан Ристески**

**Прилог број 2**

# ОДГОВОР

**забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На 22.11.2013 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2012 година и ревизија на усогласеност кај Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија – Сметка за средства од Фондот, од страна на законскиот застапник, в.д. Директор Спец. Д-р Милан Ристески, заведени во Државниот завод за ревизија под број 27 – 235/7. **Забелешките според содржината претставуваат известување за преземени мерки по препораките во Нацрт извештајот.**

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. За **препораката по точка 4.1.1.** од Нацрт извештајот која се однесува на раководниот орган на Универзитетска клиника, да преземе активности за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација во кој ќе се предвиди, а потоа да се основа единица за внатрешна ревизија, одговорното лице **известува** за мерките што се планираат да се преземат од страна на одговорното лице и од органот на управување.

2. За **препораката по точка 4.1.2.** од Нацрт извештајот која се однесува на Управниот одбор, при донесување на одлуки за плаќање по учинок да ги има во предвид одредбите од Поединечниот колективен договор на членки на самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во РМ, одговорното лице **известува** дека исплатата на плата по работна успешност е извршена врз основа на Одлука од Министерството за здравство.

3. За **препораката по точка 4.1.3.** од Нацрт извештајот која се однесува на одговорното лице да продолжи со иницијативата и со доставување на барања до Министерството за здравство за вработување на лицата неопходни во процесот на давање на здравствените услуги, одговорното лице **известува** дека во континуитет се доставуваат барања за нови вработувања до Министерството за здравство.

4. За **препораката по точка 4.2.1.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на одговорното лице на Универзитетска клиника да преземе мерки за правилно организирање и вршење на попис, со која ќе се надминат утврдените слабости и ќе се потврди вредноста на искажаните билансни

позиции и да преземе мерки за наплата на ненаплатените побарувања, одговорното лице **известува** за преземените мерки во подобрување и надминување на констатираните состојби .

5. За **препораката по точка 4.3.2.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на надлежните органи за управување и раководење со Универзитетска клиника, да преземат мерки и активности за надминување на утврдените состојби при планирање на набавките на лековите и реализацијата на веќе склучените договори, одговорното лице **известува** за причините за воспоставување на констатираната пракса при набавка на лекови.

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

1.____________________ ______________________

2.____________________

3.____________________

4. ____________________